2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Министерство за култура и туризам постапувајќи по поднесеното Барање за информации од јавен карактер заведено под арх.бр. УП1 03-695 од 26.06.2025 година, го дава следниот одговор:

Во однос на барањето на информацијата: “ Соопштение на Министерство за културса објавено на 5 јуни 2025 година, со кое се повикуваат националните установи да достават нацрт-годишна програма за 2026 година”. Министерството за култура и туризам го доставува следниот линк:

https://kultura.gov.mk/%d1%81-%d0%be-%d0%be-%d0%bf-%d1%88-%d1%82-%d0%b5-%d0%bd-%d0%b8-%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%83%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b2-3/

Во однос на барањето на информацијата: "Придружното упатство со детални насоки на аплицирање". Министерството за култура и туризам го споделува следниот линк:

https://view.officeapps.live.com/op/view.aspx?src=https%3A%2F%2Fkultura.gov.mk%2Fwp-content%2Fuploads%2F2025%2F06%2FOpst-obrazec-za-Nacrt-godisna-programa-za-NU-2026.doc&wdOrigin=BROWSELINK

Во однос на барањето на информацијата: "Сите обрасци (формулари) што се доставуваат како дел од апликацијата за годишната програма (динамика на програмски активности, финансиски план, оперативен и слично". Министерството за култура и туризам го споделува следниот линк:

https://kultura.gov.mk/%d1%81-%d0%be-%d0%be-%d0%bf-%d1%88-%d1%82-%d0%b5-%d0%bd-%d0%b8-%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%83%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b2-3/

Имајќи го предвид напред наведеното Министерството за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (" Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-695

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

30.06.202 03-724

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______________

Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______________

______20__ година vitit ______________ Потпис Nënshkrimi

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 30.06.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| Упл 03-724 | | | |

**До: Министерство за култура и туризам**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од

(се на... ...уваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

______________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карак.ер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер Барам податок дали од страна на Министерството е донесен акт со кој на вработен во Министерството кој имал непрекинат работен стаж во Министерството во трење повеќе од 10 години односно 11, 12 и сл. и на истиот му е исплатена јубулејна награда согласно одребите од Општилот Колективен Договор за јавниот сектор.

Доколку е исплатена барам да ми се достави приемрок од донесениот акт со заштита на личните податоци соодветниот Закон.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, _____202_ година .** ______________________
(доколк... ...е поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. УП1 03-724

23.07 2025 год.

Скопје

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
____20____година
viti

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-724 од 30.06.2025 година во Министерство за култура и туризам од страна на

ул. со тел: е-маил:

министерот за култура и туризам го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **Се ОДОБРУВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информација.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. . Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Министерство за култура и туризам постапувајќи по поднесеното Барање за информации од јавен карактер заведено под арх.бр. УП1 03-742 од 30.06.2025 година, со цел да достави одговор врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 101/2019) на барањето на подносителот со кое бара ја бара следната информација од јавен карактер:

„Податок дали до страна на Министерството е донесен акт со кој на вработен во Министерството кој имал непрекинат работен стаж во Министерството во траење повеќе од 10 години односно 11,12 и сл. И на истиот му е исплатена јубилејна награда согласно одредбите од Општиот Колективен Договор за јавниот сектор„.

Министерството за култура и туризам согласно побараните податоци во сметководствената евиденција го дава следниот одговор:

Согласно одредбите од Општиот Колективен Договор за јавниот сектор, Министерстото за култура и туризам донесува Решение за исплата на јубилејна награда врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (”Службен весник на Р.М.” бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011) и (”Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19 и 110/19) а во согласност со член 19 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 283/2023), додека во согласност со член 20 став (4) и член 48 од Колективниот договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 154/2023), изготвува Барање за исплата на јубилејна награда кое се доставува до Одделението за управување со човечки ресурси на министерството.

Имајќи го предвид напред наведеното Министерството за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-724

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

02. 07. 2025

03 ЯЧ

СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-13/3
02.07. 2025 г.
СКОПЈЕ

( Образец ПП……)

**До: Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија**

## **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: …е,
претставувано од … со е-маил адреса:

(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Иммателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Допис број 40-156/274 и
2. Допис број 40-156/284 од 12.06.2025 г од Министерство за култура и туризам на Република С. Македонија.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 02. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| Упл | 03-758 | | |

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Скопје, 02.07.**2025 година .** ____________________
(доколку барањ… …есува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. Уп1 03-758

23 07 2025 год.

Скопје

Архивски знак / Shenja arkivore: ______
Рок на чување / Afati i ruajtjes: ______ Потпис / Nënshkrimi
______ 20__ година / viti

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-758 од 02.07.2025 година во Министерство за култура и туризам од страна на баратeл на информација од јавен карактер од Синдикат на култура на РМ со адреса на ул. , со е-маил: и тел: министерот за култура и туризам го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **Се ОДОБРУВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информација.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Постапувајќи по поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под арх.бр. УП1 03-758 од 02.07.2025 година, со кое врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), се бара достава на следните

информации: **Допис бр. 40-156/274 од 12.06.2025 година и Допис бр. 40-156/284 од 12.06.2025 година,** министерството за култура и туризам го дава следниот одговор:

Согласно член 8 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр. 256/24), како и во согласност со буџетските правила и процедурата за исплата на плати и придонеси, се постапи по барањето за исплата на плата за месец мај 2025 година. Во таа насока, министерството за култура и туризам како имател на информација во прилог на решението ви ги доставува следните документи:

Допис до Министерството за финансии – Сектор за буџети и фондови, Скопје, заведено со арх. бр. 40-156/274 од 12.06.2025 година, за проследување на барање за исплата на плата за месец мај 2025 година на буџетските ставки 401 и 402 во раздел 18010 за Националната установа за управување со археолошки локалитет Стоби.

Допис за проследување на барање за исплата на плата за месец мај 2025 година на ставка 443 во раздел 18010 за Јавната установа Универзална сала – Скопје.

Имајќи го предвид напред наведеното Министерството за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-758

Прилог – копија од допис

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

Snenja arkivore:

Рок на чување:
Afati i ruajtjes:

20 година viti Потпис Nënshkrim

Сибела 03 ... 14. 07. 2025

**До:**
Министерство за култура и туризам на РС Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 14. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| Ум1 | 03 - 770 | | |

**Од:**

**Предмет:** Барање за доставување документи од постапката за избор на директор на НУ Национална галерија на РС Македонија

Почитувани,

Согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер и согласно Законот за култура, Ве молам да ни овозможите целосен увид и копија од следните документи поврзани со постапката за избор и именување на директор на Националната галерија на Македонија:

1. Сите пријави на кандидатите
2. Записници од седници на конкурсната комисија
3. Извештај или рангирање на кандидатите
4. Решение за избор на директор
5. Образложение за изборот

Бараме овие документи да ни бидат доставени во рокот предвиден со Законот, на следните електронски адреси:

или во хартиена форма на адреса: Воденска 2-1/14, 1000 Скопје; Коста Новаковиќ 44/2-2, 1000 Скопје; Партизански одреди 111/2-13, 1000 Скопје.

Со почит,

28.07.2025г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. УП1 03-770

28.07 2025 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-770 од 24.07.2025 година во Министерство за култура и туризам од страна на – барател на информација со адреса на ..., со е-маил: барател на информација со адреса на ул. Коста Новаковиќ бр. 44/2-2, Скопје со е-маил: барател на министерот за култура и туризам го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **Се ОДОБРУВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информација.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Министерството за култура и туризам овозможи увид и изврши достава на комплетната документација што е во негова надлежност, согласно член 4 став 1 и член 16 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019), според кои секое физичко или правно лице има право на пристап до информации од јавен карактер со кои располага институцијата.

Бараните документи, вклучително:

- пријавите на кандидатите (со анонимизирани лични податоци),

- извештај од рангираните кандидати

- записниците од седниците на конкурсната комисија,

- решението за избор, и

- образложението за изборот на директор,

се сметаат за информации од јавен карактер согласно член 3 точка 1 и член 4 од наведениот закон, бидејќи се однесуваат на постапка што произлегува од вршење на јавни овластувања.

Во однос на пријавите на кандидатите, Министерството постапи согласно член 6 став 1 алинеја 3 и член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20), со што сите лични податоци се соодветно анонимизирани. Обработката и евентуалното објавување на лични податоци е дозволено само под условите утврдени во член 10 и член 11 од Законот за заштита на личните податоци.

Дополнително, врз основа на член 10 став 1 точка 3 и член 22 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, документите ќе бидат доставени во електронска форма, бидејќи таков начин е побаран од подносителот и е технички изводлив од страна на институцијата.

Со ова, Министерството постапува транспарентно и отчетно, во целосна согласност со законската рамка, овозможувајќи пристап до информации од јавен карактер, а истовремено обезбедувајќи заштита на личните податоци и почитување на правата на сите засегнати страни.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита

на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-770

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

М И Н И С Т Е Р
Зоран Љутков

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

До МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РСМ

СЕКТОР ФИНАНСИИ (СМЕТКОВОДСТВО)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: 06.08.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| УП1 | 03-781 | | 4л. |

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,

ИМАМЕ ПОТРЕБА ОД НЕКОИ ДОКУМЕНТИ, ПОТЧНО 7 ФАКТУРИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РСМ ЗА ПРЕДАДЕНИ КНИГИ, КОИ МИНИСТЕРСТВОТО НИ ГИ ИМА ПОТПИШАНО И ПЛАТЕНО..

БИДЕЈКИ ОВА СЕ ДОКУМЕНТИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, ВЕ МОЛИМЕ ДА НИ ГИ ДАДЕТЕ ОВИЕ ФАКТУРИ, ОДНОСНО ДА НАПРАВИТЕ КОПИИ КОИ БИ ГИ ЗАВЕРИЛЕ ДЕКА СЕ ВЕРНИ НА. ОРИГИНАЛОТ.

Потребни ни се 7 (седум) ИСПРАТНИЦИ-ФАКТУРИ ЗА ПРОЕКТОТ МАКЕДОНСКИ ИСКУШЕНИЈА, ПО ДОГОВОР 52-7702/39 од 01.12.2015 година, ЗАВЕРЕНИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РСМ ДЕКА СЕ ВЕРНИ НА ОРИГИНАЛОТ

ПРИЛОТ ПОПОЛНЕТ ОБРАЗЕЦ

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. УП1 03-781

26.08 2025 год.

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-781 од 06.08.2025 година во Министерство за култура и туризам поднесено од страна на - барател на информација од јавен карактер со адреса: со тел. министерот за култура и туризам го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информација.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Министерството за култура и туризам, постапувајќи по поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под арх.бр. УП1 03-781 од 06.08.2025 година, поднесено од , а кое се однесува на доставување на седум (7) фактури поврзани со проектот „Македонски искушенија“, го донесува следниот одговор:

Министерството за култура и туризам ги обезбеди копиите од документите со кои располага, а кои се поврзани со посочениот проект, и тоа.

- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр. 24-11064/2 од 07.12.2016 година.
- План за трошоци за месец 12/2016 година за програмата 10 – Издавачка дејност заведено под арх.бр 24-11064/1 од 07.12.2016 година.
- Испратница бр. Ф-113/16 од 14.11.2026 година
- Фактура бр 113/16 од 14.11.2016 заведена под арх.бр. 46-10597/1 од 16.11.2016 година.
- Приемница бр. 1 од датум 15.12.2016 година
- Решение за преведување на средства заведењно под арх.бр. 46-1675/3 од 02.05.2017 година.
- Испратница бр, Ф 13-17 од 14.02.2017 година
- Фактура бр. 13/17 од 14.02.2017 заведена по арх.бр. 46-1675/1 од 16.02.2017 година
- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр. 24-6071/3 од 25.12.2017 година.
- Испратница бр. Ф-48/17 од 20.08.2017 година
- Фактура бр. 48/17 од од 20.06.2017 година заведена под арх.бр. 24-6071/1 од 21.06.2017 година
- Приемница бр.3 од 12.12.2017 година
- План за трошоци за месец 12/2017 година за програма 10- Издавачка дејност заведен под арх.бр. 24-6071/2 од 25.12.2017 година
- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр 33-2381/6 од 09.04.2019 година
- Фактура бр. 134/18 од 19.10.2018 година заведена под арх.бр. 09-14481/1 од 20.12.2018 година.
- Испратница бр. Ф 134-/18 од 18.10.2018 година
- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр 33-2381/10 од 09.04.2019 година.
- Испратница бр. 153/18 од 04.12.2018 година
- Фактура бр. 153/18 од 06.12.2018 година заведена под арх.бр. 09-13622/1 од 06.12.2018 година
- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр. 33-2381/8 од 09.04.2019 година.
- Испратница бр. Ф 158/18 од 11.12.2018

- Фактура бр. 158/18 од 11.12.2018 година заведена под арх.бр. 09-14481/1од 20.12.2018 година.
- Решение за преведување на средства заведено под арх.бр. 33-2381/4 од 09.04.2019 година
- Фактура бр. 172/18 од 31.12.2018 година заведена под арх.бр. 09-279/1 од 04.01.2019 година.
- Испратница бр. Ф 172/18 од 31.12.2018 година

Ве информираме дека Министерството за култура и туризам нема законска надлежност побараната финансиска документација да ја завери како „верно на оригинал", бидејќи тоа би претставувало надминување на законските надлежности на институцијата. Имено, фактурите претставуваат сметководствени документи кои се издадени од барателот, а не од Министерството за култура и туризам, па од тука согласно закон заверката/препис може да биде извршена исклучиво од сопственикот на истата или заверка/препис извршен од надлежен нотар, согласно со важечките законски прописи.

Имајќи го предвид наведеното, Министерството за култура и туризам ги обезбеди само во копија бараната документација и за барањето одлучи делумно позитивно и согласно закон, ви ги дава на ваше информирање.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (" Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-781

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

10.08.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 20.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| УПИ-03 | 864 | | |

03 Либеар

До
Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во Министерството за култура и туризам

# БАРАЊЕ
## ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во 2024 година Министерството за култура и туризам на вработените во министерството, кои го исполнуваа условот од членот 20 став 4, а во врска со член 20 став 1 алинеја 11 од Општиот колективен договор за јавниот сектор(Сл. весник на РСМ 154/23), им исплати јубилејни награди за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во Министерството за култура и туризам.

Согласно членот 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ 101/19), барам да ми одговорите:

- На колку вработени во Министерството за култура и туризам, што имаат работен стаж од 11 до 19 години, им е исплатена јубилејна награда за најмалку 10 години;
- На колку вработени во Министерството за култура и туризам, што имаат работен стаж од 21 до 29 години, им е исплатена јубилејна награда за најмалку 20 години и
- На колку вработени во Министерството за култура и туризам, што имаат работен стаж од 31 до 39 години, им е исплатена јубилејна награда за најмалку 30 години;

Комуникацијата да е по писмен пат.

ПОДНОСИТЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. УП1 03-864

02.10 2025 год.

Скопје

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______
______20____година viti
Потпис Nënshkrimi ______

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-864 од 20.08.2025 година во Министерство за култура и туризам од страна на баратeл на информација од јавен карактер со адреса: ул. бр. 21а, 1000 Скопје, министерот за култура и туризам го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **Се ОДОБРУВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информација.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската за чување на службена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Министерството за култура и туризам, постапувајќи по поднесеното Барање за информации од јавен карактер, заведено под арх. бр. УП1 03-864 од 20.08.2025 година, врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), како и член 115 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/2005 со измени и дополнувања), доставува одговор на поставените прашања од страна на подносителот на барањето, кои се однесуваат на исплатата на јубилејни награди на вработените во Министерството за култура и туризам.

Согласно член 115 од Законот за работни односи, работникот има право на јубилејна награда за навршени години работен стаж кај работодавачот, под услови утврдени со колективен договор или акт на работодавачот.

Постапувајќи по ова законско право и согласно евиденцијата во Министерството за култура и туризам, се доставува следниот податок за исплатени јубилејни награди:

- На вработени со работен стаж од 11 до 19 години, јубилејна награда за најмалку 10 години е исплатена на 84 вработени.
- На вработени со работен стаж од 21 до 29 години, јубилејна награда за најмалку 20 години е исплатена на 8 вработени.
- На вработени со работен стаж од 31 до 39 години, јубилејна награда за најмалку 30 години е исплатена на 3 вработени.

Со ова Министерството за култура и туризам го заокружува одговорот по поднесеното барање за информации од јавен карактер.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-864

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска